Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП

| Примено: | 13-09-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 18-3545/ | | | |

**Арх.бр. 15 5144/2**

**Дата:** 11. 09. 2023

Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
____________ 20 ___ год.

До: Општина Штип
Ул. Васил Главинов бр. 4Б
2000 Штип
Република Северна Македонија

Предмет: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 18-3545/9 од 01.09.2023 год.

Почитувани,

Во врска Ваше барање на Мислење бр. 18-3545/9 од 01.09.2023 год., доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под **арх.бр. 15 5144/1 од 05.09.2023 год.**, во однос на доставениот **Финален Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на дел од КП бр. 323/7 и дел од КП бр. 323/1, КО Ново Село Штип - Општина Штип,** Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по истиот го дава следното:

## М И С Л Е Њ Е

Финален Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на дел од КП бр. 323/7 и дел од КП бр. 323/1, КО Ново Село Штип - Општина Штип** е изработен согласно Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планската документација, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планскиот документ.

Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на планскиот документот кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Во контекст на понапред изнесеното, Ве информираме дека доставениот Финален Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на дел од КП бр. 323/7 и дел од КП бр. 323/1, КО Ново Село Штип - Општина Штип, врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање **го прифаќа и нема забелешки** по содржината и обемот на документот.

Со почит,

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изработил: Зарије Абази

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска



Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk